Врз основа на член 66 став (14) од Законот за основно образование („ Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.161/19, 229/20, 03/25 и 74/25,) министерката за образование и наука донесе

ПРАВИЛНИК

За начинот за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување

Со овој правилник се уредува начинот на постапување при случаи на насилство, злоупотреба и занемарување на ученици во основното училиште, како и механизмите за нивно навремено пријавување и соодветна заштита на ученикот кој е засегнат.

Врз основа на овој ПРАВИЛНИК, ООУ„МАГДАЛЕНА АНТОВА„ донесе интерен акт со кој детално се уредува начинот на однесување во училиштето, мерките за заштита и превенција од насилство и одговорностите на вработените, учениците, родителите/старателите и сите други фактори во спречувањето и заштита од насилство.

Во контекст на овој правилник, се утврдуваат и дефинираат следните клучни поими:

**Насилство** претставува секое дејствие или пропуст што предизвикува штета, страдање или повреда на достоинството на ученикот. Се разликуваат следниве форми на насилство:

- Физичко насилство:удирање, туркање, тепање, закани со предмети итн.
- Емоционално/психичко насилство: исмевање, навредување, закани, потценување, манипулација итн.
- Социјално насилство: исклучување, игнорирање, организирано отфрлање, ширење невистини итн.
- Сексуално насилство: допирање без дозвола, коментари со сексуална конотација, изложување, присилување на сексуални дејствија итн.
- Кибернасилство: навредливи пораки, објави, дигитално вознемирување или изложување на ученик преку интернет итн.

**Злоупотреба** означува користење на ученикот во цел или на начин што е штетен за неговото здравје, безбедност или развој –вклучувајќи сексуална злоупотреба, експлоатација, манипулација или злоупотреба на моќ.

**Занемарување** е неисполнување на обврските кон ученикот од страна на родител, старател или друго лице, што доведува до пропуштање на грижата за неговите основни потреби –физички, образовни, здравствени или емоционални.

При утврдување и проценка на насилство, училиштето обрнува особено внимание на ситуации во кои ученикот може да биде изложен на насилство, дискриминација или исклучување врз основа на лични карактеристики, различност во изглед, однесување, семејна состојба или припадност, поради што се перципира како „ различен„ од средината. Во такви случаи училиштето постапува со засилена чувствителност, водејќи се од начелата на еднаквост, инклузивност и почитување на човековото достоинство.

**Секој вработен во училиштето**, вклучително и административниот и помошно- техничкиот персонал, како и лицата задолжени за обезбедување на училиштето, е должен да пријави насилство или

сомнеж за насилство над ученик, без разлика дали насилството се случило во училиштето, на патот до училиштето или во училишниот двор, во домот на ученикот или на кое било друго место.

**Наставниците, стручните соработници и директорот** се должни да го препознаат насилството, редовно да следат дали во училиштето се случува насилство, дали некој ученик е жртва или извршител на насилство и навремено да реагираат.

Во случај на насилство над ученик:

-Вработените во училиштето се должни веднаш да го прекинат насилството.
-Ако е поголема група и има употреба на нож или друго оружје , вработените проценуваат и веднаш повикуваат полиција.
-Доколку сторител на насилство е возрасен, без разлика дали е вработен или трето лице (родител/старател) директорот има обврска да повика полиција и /или центар за социјална работа.

Видови мерки за учениците во ООУ„Магдалена Антова„ :

Кога станува збор за инцидент на насилство, Табела 1-Прво ниво

| **Физичко насилство** | **Емоционално/ психичко насилство** | **Социјално насилство** | **Сексуално насилство/ злоупотреба** | **Кибернасилство** |
|---|---|---|---|---|
| -удирање „чврги„<br>-буткање,<br>-штипење,<br>-гребење,<br>-кубење,<br>-гризење,<br>-сопнување,<br>-шутирање,<br>-валкање,<br>-уништување на предмети. | -исмевање,<br>-омаловажување,<br>-озборување,<br>-навредување,<br>-ословување со погрдни имиња,<br>-пцуење,<br>-имитирање,<br>-„прозивање„ | -дофрлање,<br>-потсмевање,<br>-игнорирање. | -дофрлање,<br>-пцуење,<br>-негативни коментари,<br>-гестикулации со сексуална алузија. | -повремени вознемирувачки повици на телефон,<br>-вознемирувачки СМС, ММС-пораки,<br>-вознемирувачки пораки на социјалните мрежи итн. |

Вработениот кој го прекинал насилството сам треба да ја смири ситуацијата. Во случај да процени дека не може самостојно/или ситуацијата почнува повторно да ескалира го повикува контакт-лицето.

Кога станува збор за инцидент на насилство од Табела бр. 1, кој се повторува или за насилство од Табела бр.2 и Табела бр.3 вработените го повикуваат контакт- лицето за пријавување насилство. Контакт-лицето може самостојно или во координација со други стручни служби (МВР, ЦСР, Здравствена установа и др.) да преземе интерни чекори за интервенција, според загрозеност, повторливост или сериозни психофизички последици.

Табела 2, -Второ ниво

| **Физичко насилство** | **Емоционално/ психичко насилство** | **Социјално насилство** | **Сексуално насилство/ злоупотреба** | **Кибернасилство** |
|---|---|---|---|---|
| -шлаканица,<br>-удирање,<br>-газење,<br>-кинење на облеката,<br>-затворање,<br>-плукање,<br>-одземање и уништување на сопственост. | -уценување,<br>-закани,<br>-неправедно казнување,<br>-етикетирање,<br>-забрана за комуницирање,<br>-исклучување,<br>-отфрлање,<br>-манипулирање. | -сплеткарење,<br>-игнорирање,<br>-отфрлање,<br>-невклучување,<br>-неприфаќање,<br>-манипулирање,<br>-експлоатација,<br>-исклучување од групата врз дискриминаторска основа,<br>-навреди и вознемирување врз дискриминаторска основа. | -сексуално допирање,<br>-покажување на порнографски материјал,<br>-покажување на интимните делови на телото,<br>-соблекување. | -огласи,<br>-клипови,<br>- блогови,<br>-злоупотреба на форуми и четувања,<br>-сексуално насилство во видеоигри,<br>-снимање со камера на насилни сцени,<br>-дистрибуирање на приватни снимки и слики без согласност. |

Табела 3- Трето ниво

| **Физичко насилство** | **Емоционално/ психичко насилство** | **Социјално насилство** | **Сексуално насилство/ злоупотрба** | **Кибернасилство** |
|---|---|---|---|---|
| -тепачка, давење, фрлање кои резултираат со сериозни физички последици/укажана помош од лекар,<br>-напад со палка, нож, оружје или со друг предмет, кој може да има сериозни физички последици или фатален исход,<br>-предизвикување на изгореници,<br>-забрана на храна и спиење,<br>-изложување на ниски температури. | -застрашување со уцена,<br>-рекетирање,<br>-ограничување на движење,<br>-наведување на користење на психоактивни супстанции (легални или нелегални),<br>-вклучување во секти,<br>-занемарување. | -сериозни закани за животот,<br>-изживување на група над поединец/група,<br>-дискриминација,<br>-организирање на затворени групи(кланови),<br>-навреди и вознемирување врз дискриминаторска основа. | -заведување од страна на возрасни,<br>-подведување,<br>-злоупотреба на моќта,<br>-наведување,<br>-изнудување и принудување на сексуална активност,<br>-силување,<br>-полов напад врз дете кое не навршило 14 год,<br>-задоволување на полови нагони пред друг,<br>-обљуба со злоупотреба на положбата. | дистрибуирање или објавување на приватни снимки и слики без согласност,<br>-снимање на вулгарни и насилни сцени кои се масовно дистрибуирани,<br>-прикажување на порнографски материјал,<br>-производство и дистрибуција на порнографски материјал. |

Кога станува збор за случаи на насилство од Табела бр.3, што претставуваат сериозни форми на насилство со можни физички, психолошки или правни последици, задолжително се повикуваат претставници од надлежни институции (МВР, ЦСР, Здравствена установа и други, според проценката на контакт-лицето или директорот).

Интерни мерки во училиштето кои се преземаат се:

-физичко одвојување на сторителот од жртвата (промена на место на седење, простор)

-индивидуален разговор со жртвата за проценка на потребата од психо-социјална поддршка,

-индивидуален разговор со сторителот и укажување на последиците од неговото однесување,

-разговор со паралелката или група ученици за објаснување на несоодветноста на насилното однесување,

-упатување на сторителот или жртвата на советување кај стручни соработници,

-поттикнување на учениците на ненасилна комуникација и медијација на конфликти.

-изработка на план за заштита на жртвата и план за промена на однесувањето на сторителот.

- во случаи од Табела бр.3 училиштето изработва План во кој се вклучува претставник од ЦСР, и/или од МВР доколку се работи за кривично дело, и/или од здравствени институции доколку има сериозни последици врз физичкото или менталното здравје на ученикот.

План за заштита на ученикот –жртва и промена на однесувањето на сторителот вклучува повеќе типови мерки, и тоа:

1.Психо-социјална поддршка на жртвата

-ја спроведува училишниот психолог и/или друг стручен соработник

2. Мерки за физичко одделување на жртвата од сторителот

-може да вклучуваат: преместување на сторителот, забрана за приближување, ограничување на заеднички активности.

3. Мерки за физичко одделување на жртвата

-вклучуваат: ослободување од настава, учење од дома, преместување во друга паралелка.

4.Мерки за промена на однесувањето на сторителот

- Ја спроведува училишниот психолог, може да бидат вклучени и родители/старатели и да бидат упатени на советување
- Преместување во друга паралелка
- Ограничување на вклученост во вонnаставни активности

5.Педагошки мерки од Законот за основно образование се изрекуваат паралелно на начин утврден согласно Правилникот за изрекување на педагошки мерки ако се работи за случаи од Табела бр.2 или Табела бр.3 од овој правилник.

6. Преместување на сторителот во друго училиште не претставува педагошка мерка, туку мерка за заштита на жртвата:

- одлуката ја носи директорот преку наставнички совет, и во соработка со локалната самоуправа ја спроведува, за донесената одлука се известува МОН-Педагошка служба, која води регистар за сите пријавени случаи.

- контакт лицето за пријавување насилство координира со новото училиште и обезбедува пренос на потребните информации.

7. Мерки за поддршка на набљудувачи и сведоци:

- контакт-лицето, стручен соработник или натавник води индивидуални или групни разговори со учениците.

-за случаите од Табела бр.2 (повторувачки) или Табела бр.3 од овој правилник, се нуди психо-социјална поддршка или се врши упатување во надлежна установа.

- може да се вклучат и едукативни активности ( работилници за ненасилна комуникација, врсничка поддршка, предавања итн ).

Родителите/старателите на жртвата и на сторителот се вклучуваат во изработка на планот за заштита на ученикот жртва и промена на однесувањето на сторителот, секогаш кога тоа не е спротивно на принципот на најдобар интерес на детето.

Училиштето е должно да обезбеди секаков вид на комуникација меѓу учениците и контакт-лицето и неговиот заменик за пријавување насилство, телефон, писмена пријава, електронска пошта или било која друга апликација која вообичаено ја користат учениците.

Досиеата, плановите и формуларите на ученикот жртва и ученикот сторител се чуваат во училиштето четири години по завршувањето на нивното основно образование.

Во извештајот на Годишната програма за работа на училиштето се наведуваат статистички податоци за кои било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, како и статистички податоци за постапувањето на училиштето.

Контакт –лице и негов заменик  за пријавување насилство во ООУ„Магдалена Антова“ се:

Силвана Стојковска, училишен психолог,

silvanastojkovska@yahoo.com

телефон 071/312 091

Заменик контакт- лице

Маријана Димитриевска, наставник по математика,

dimitrievska.marijana89@gmail.com

телефон 077/870 618

Датум                                        Директор

9.02.2026                                    Живко Стојковски

**Прилог бр.1**

**Табела со распределба на улоги и одговорности**

| Категорија на лица | Клучни обврски | Начин на постапување | Забелешки |
|---|---|---|---|
| Директор | Усвојување и надзор на спроведување на интерниот акт | Го следи спроведувањето, носи одлуки во сложени ситуации | Одговорен за целокупната организација |
| Стручни соработници | Контакт лица за пријави, набљудување и преземање мерки | Водат записници, работат со ученици, информираат родители | Едно лице се назначува како официјално контакт-лице |
| Одделенски раководители / наставници | Информирање на учениците, следење на динамиката во одделението | Го претставуваат интерниот акт и Правилникот на часот на одделенска заедница | Мора да водат евиденција за спроведените часови |
| Административно-технички персонал (хигиеничари, друг технички персонал, секретари и други) | Набљудување на ученичко однесување во двор, ходници и заеднички простории | При забележано сомнително однесување, веднаш ги информираат стручните лица | Мора да бидат запознаени со основните индикатори за насилство |
| Чувари или надворешно обезбедување | Препознавање ризични ситуации, спречување на насилни дејства | Подготвени да реагираат и пријават инциденти на одговорното лице во училиштето | Треба да имаат основна обука за комуникација со ученици |
| Ученици | Почитување на правилата и пријавување на насилство | При сомнеж или сведоштво, се обраќаат на наставник или соработник | Обучени на часовите на одделенска заедница |
| Родители/старатели | Соработка со училиштето, информирање за промени кај децата | Реагираат доколку детето пренесе искуство со насилство | Да се вклучат во активности за подигнување на свеста |

**Прилог бр. 3**

## Формулар за евиденција на насилството

1. Датум и час кога се случил насилниот настан/ситуација: ____________________

3. **Тип на насилство / повреда на ученикот (означи):**[2]
   - ☐ Физичко насилство
   - ☐ Емоционално / психичко насилство
   - ☐ Социјално насилство
   - ☐ Сексуално насилство / злоупотреба
   - ☐ Кибернасилство
   - ☐ Занемарување
   - ☐ Друго: ____________________

3. Насилството се случува:

- ☐ Првпат
- ☐ Се повторува повеќепати: ____________ (наведете колку пати)

4. Каде се случило насилството (можни се повеќе одговори):

- ☐ Во училницата
- ☐ Во спортската сала
- ☐ Во ходниците
- ☐ Во тоалетот
- ☐ Во дворот на училиштето
- ☐ На пат кон/од училиштето
- ☐ Во домот
- ☐ На Интернет
- ☐ Друго: ________________________________________

[2] Во случаи на сомнеж за злоупотреба или занемарување, училиштето е должно да постапува согласно членовите 11 и 16 од правилникот, со координација со стручните служби и надлежните институции.

5. Начин на откривање или воочување на насилството (насилната ситуација):

- ☐ Наставник
- ☐ Ученик сведок или ученик кој на друг начин дознал
- ☐ Стручен соработник
- ☐ Контакт-лице за пријавување насилство или негов заменик
- ☐ Пријава од обезбедувањето
- ☐ Директорот на училиштето
- ☐ Друго вработено лице во училиштето
- ☐ Пријава од родител/старател
- ☐ Пријава од личноста која доживеала насилство
- ☐ Анонимна пријава на е-пошта, интернет страница или во кутија
- ☐ Друго:______________________________________________

| 6. Опис на настанот: |
| --- |
| |

7. Учесници во насилството

Дополни со број.

7.1. Колку жртви има во случајот? ____

7.2. Колку сторители има во случајот? ____

7.3. Ученик/ци жртва/и на насилство (овој дел, 7.3., се копира онолку пати колку што има жртви во случајот и се пополнува за секоја жртва поединечно)

Име и презиме: ______________________________________________

Возраст: _____________

Пол : _________________

Етничка припадност:

- ☐ Македонска
- ☐ Албанска
- ☐ Турска
- ☐ Ромска
- ☐ Бошњачка
- ☐ Влашка
- ☐ Српска
- ☐ Друго:___________________________________

Дали ученикот е дете со попреченост или со посебни образовни потреби?

Заокружете:

ДА

НЕ

Прашалникот го спроведе:

__________________________ Дата: _______________ година

Име, презиме и потпис